## Четврта прес конференција со жири одржана на 17.11.2007 во 11 ч.

**Говорници на прес-кафето**
**Сунчица Уневска - програмски координатор**
**Макс Азуле – претседател на жири**
**Станислав Семерџиев – член на жири**
**Антонио Митриќески – член на жири**

**Сунчица Уневска: Како би ја оцениле ситуацијата во европската кинематографија?**

**Макс Азуле:** Тешко е да се даде мислење, бидејќи европската филмска индустрија се движи многу брзо. Франција на пример годишно прави околу 250 филмови и дава можност на 60-70 млади автори да направат филм и да се претстават. Денес имаме нова епоха во филмската индустрија. Во таа смисла говориме за т.н. четири екрани: киното, телевизијата, лап топот и мобилните телефони. Нов развој во Холивуд е 3Д технологијата без употреба на 3Д очила. Европскиот пазар е голем и нуди голем број на таленти.
Јас особено се интересирам за источно-европската кинематографија и сметам дека на младите автори, особено од Балканот, треба да им се дадат поголеми шанси.

**Станислав Семерџиев:** Јас би сакал да зборувам за еден друг аспект на европската кинематографија, односно дали постои нешто што се нарекува европски бренд.
На една средба со околу 200-300 филмски работници во Копенхаген, зборувавме за интересни прашања на оваа тема и дојдовме до заклучок дека европски бренд не постои.
Селекцијата на годинешниов филмски фестивал е одлична, и особено ми се допаѓа тоа што акцентот е ставен врз балканските филмови.
Што се однесува до комерцијалноста на европските филмови, статистиките покажуваат дека, годишно, од 1000 филмови за кино екран и повеќе илјади филмови за ТВ, само 50 создале профит, што е катастрофално.
Во европската кинематографија нема некои значајни промени, а можноста за тоа ја гледам во правењето национални филмови, филмови кои се однесуваат на конкретен регион или проблем. Сметам дека треба да се фокусираме на помали, но оригинални филмови.

**Антонио Митриќески:** Европската кинематографија е поделена на источно-европска, западно-европска и балканска. Филмот како најголем амбасадор на Македонија и Европа, треба особено да се негува. Проблемот во европската кинематографија лежи во младите автори. Доколку младиот автор, во матичната земја, успее да најде ко-продукции, ќе има поголеми можности да успее. Кога младите автори во Македонија ќе го завршат своето школување, тие немаат виза за да заминат во Европа и да се претстават себеси и се принудени да соберат средства од неколку места.
Сметам дека е особено важно добро да се познава проблемот на матичната земја или регионот И во филмовите да се внесува повеќе психологија.

**Сунчица Уневска: Што е она што ќе ве води во оценувањето на филмовите?**

**Макс Азуле:** Јас пред се ќе се водам од емоциите во филмовите. За да се одлучам за еден филм, потребно е тој да ми се допадне, да ме обземе и во него да има иновативност.

**Станислав Семерџиев:** Мене ми е важно приказната на филмот да биде јасна, да разберам што се случува, кој и зошто ги врши настаните и како таа ќе заврши. Ќе се водам пред се од прашањето дали можам да се идентификувам со ликовите во филмот и дали има квалитет.
**Антонио Митриќески:** Мене би ми се допаднал оној филм кој би прикажал конкретен проблем и кој би бил психолошки, емотивен и иновативен.

**На денешното прес-кафе, исто така, беа претставени и Пол Хајет, гостинот од Велика Британија, дизајнер за специјални мејк ап ефекти, и Мојца Горогранц од Словенија, мејк ап артист.**